ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 21 ДАТА 04.XI.2015 ГОДИНА 33

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 21 ДАТА 04.XI.2015 г.

## СОДРЖИНА

- ОДЛУКИ ОД КОМИТЕТОТ ЗА ИТНОСТ НА ФФМ
- ПРОПОЗИЦИИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ПОМЕЃУ РЕПРЕЗЕНТАЦИИ НА ОФС ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2015/2016 ГОДИНА
- ПРОПОЗИЦИИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ НА РАЗВОЈНИ ТУРНИРИ ЗА ДЕВОЈЧИЊА ЗА СЕЗОНА 2015/2016 ГОДИНА

Врз основа на член 58 од Статутот на ФФМ, а во врска со член 15 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, Комитетот за итност на ФФМ во состав: Илчо Ѓорѓиоски - претседател, Муамед Сејдини -потпретседател и Дејан Димовски- член, на седницата одржана на 16.10.2015 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување помеѓу репрезентации на ОФС за натпреварувачката 2015/16 година.
2. Оваа одлука стапува на сила веднаш, истата да се даде на потврдување на наредната седница на Управниот одбор на ФФМ.
3. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комитетот за итност на ФФМ на седницата одржана на 16.10.2015 година ги разгледа предлог пропозициите за натпреварување помеѓу репрезентации на ОФС за натпреварувачката 2015/16 година по што донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1674/1-1

Комитет за итност 2015 година

Врз основа на член 58 од Статутот на ФФМ, а во врска со член 15 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, Комитетот за итност на ФФМ во состав: Илчо Ѓорѓиоски - претседател, Муамед Сејдини -потпретседател и Дејан Димовски- член, на седницата одржана на 16.10.2015 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување во развојни турнири за девојчиња за натпреварувачката 2015/16 година.
2. Оваа одлука стапува на сила веднаш, истата да се даде на потврдување на наредната седница на Управниот одбор на ФФМ.
3. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комитетот за итност на ФФМ на седницата одржана на 16.10.2015 година ги разгледа предлог пропозициите за натпреварување во развојни турнири за девојчиња за натпреварувачката 2015/16 година по што донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1674/1-2

Врз основа на член 58 од Статутот на ФФМ ,Комитетот за итност на ФФМ во состав: Илчо Ѓорѓиоски - претседател, Муамед Сејдини -потпретседател и Џонов Димитар- член на седницата одржана на 03.11.2015 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. **Се усвојува барањето** за учество во натпреварување помеѓу Репрезентации на ОФС поднесено **од ОФС Тетово.**

2. Се врши измена и дополнување на Пропозициите за натпреварување помеѓу Репрезентации на ОФС(општински фудбалски сојузи)

**- член 3** став 1 алинеа 1 се менува и гласи:

во Северен регион учество земаат ОФС Гази Баба, ОФС Скопје, ОФС Кисела Вода , ОФС Куманово и ОФС Тетово како претставник на Западниот регион поради немање услови за учество во натпреварувањето во Западен регион

**- член 6** се менува и гласи:

Во пролетниот дел од натпреварувањето ќе се одиграат две кола на ниво на ФФМ .

Исклучок од претходниот став е освојувањето на првото место во Северен регион од страна на ОФС Тетово, во тој случај во пролетниот дел од натпреварувањето ќе се одиграат три кола.

Во вториот дел од натпреварувањето учество земаат победниците на ниво на Трета лига (регион) и второпласираниот во северен регион доколку првото место го освои ОФС Тетово

- **се менува и дополнува член 33** по став 5 се додаваат 7(седум) нови става

ст.6 Доколку ОФС Тетово се пласира да учествува во пролетниот дел:

ст.7 Во пролетниот дел од натпреварувањето ќе се одиграат три кола.

ст.8 Во првото коло од пролетниот дел се игра еден натпревар помеѓу екипите кои го извлекле бројот 1(еден) и 5(пет), победникот се стекнува со право за натпреварување во второто коло.

ст.9 Во второто коло се играат два натпревара и тоа еден натпревар помеѓу победникот од првото коло и екипата која го извлекла бројот 2(два) и еден натпревар помеѓу екипите кои ги извлекле броевите 3(три) и 4(четири).

ст.10 Исклучок од еднострукиот куп систем претставува мини турнирот во третото коло за пласман на трето, четврто и петто место во кој учество земаат поразените екипи од првото и второто коло, секоја екипа игра по едно полувреме(секој со секого), се играат вкупно три полувремиња, пласманот се утврдува врз основа на постигнат резултат на турнирот и тоа :

- победа
- при нерешен резултат се изведуваат пенали за добивање победник
- гол разлика
- број на постигнати голови
- ждреб

ст.11 Во случај на ист број победи по одигрување на третото полувреме, пласманот помеѓу екипите кои изведувале пенали се утврдува врз основа на дадени голови при изведување на пенали и ждреб доколку не може да се утврди победник.

Деловоден број 0202-1746/1-4

ст.12 Во рамките на третото коло по одиграниот мини турнир се игра финалниот натпревар помеѓу победниците во второто коло за пласман на прво и второ место.

**- се менува и дополнува член 35 со нов став 2**

Доколку ОФС Тетово се пласира да учествува во пролетниот дел, се предвидува награден фонд во висина од денарска противвредност на 5750 (петилјади и седумстотини и пеедесет) евра и тоа:

- за прво место награда во висина од 2500(двеилјадиипетстотини) евра
- за второ место награда во висина од 1500(илјадаипетстотини) евра
- за трето место награда во висина од 1000(илјада) евра
- за четврто место награда во висина од 500(петстотини) евра
- за петто место награда во висина од 250(двестаипедесет) евра
- пехари за прво, второ и трето место.

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш, а истата ќе биде верификувана на првата наредна седницата на Управниот одбор на ФФМ.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комитетот за итност на ФФМ на седницата одржана на 03.11.2015 година го разгледа барањето поднесено од ОФС Тетово за учество во натпреварување помеѓу Репрезентации на ОФС . При тоа утврди дека ОФС Тетово благовремено поднел пријава за учество во ова натпреварување. Со оглед на фактот дека Западниот регион е сочинет од три ОФС , непријавувањето учество од страна на другите две ОФС го оневозможил ОФС Тетово да се вклучи во натпреварувањето преку Западниот регион.

Од тие причини а со цел да му се овозможи на овој сојуз активно учество во натпреварувањето и промоција на општинската лига , Комитетот за итност донесе одлука како во дисопизивот.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА • FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA • ФФМ • SKOPJE • СКОПЈЕ

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1746/1-4

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРОПОЗИЦИИ

за натпреварување помеѓу репрезентации на ОФС за натпреварувачката 2015/2016 година

Скопје, октомври, 2015 година

Врз основа на член 58 од Статутот на ФФМ а во врска со член 11 став 1 од Правилникот за натпреварување на ФФМ и Одлука од Управниот одбор на ФФМ бр. 0202- 1498/1-5 од 18.09.2015 година, Комитетот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 16.10.2015 година донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ
## ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ПОМЕЃУ РЕПРЕЗЕНТАЦИИ НА ОФС
## за натпреварувачката 2015/16 година

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Натпреварувањето помеѓу Репрезентации на ОФС(општински фудбалски сојузи) е непостојано ,неофицијално натпреварување во натпреварувачката 2015/16 година во кое учество земаат селекции (репрезентации) на ОФС .

Со натпреварувањето управува координатор во својство на Комесар на натпреварувањето определен од Управниот одбор на ФФМ во понатамошниот текст Координатор на натпреварување.

Со право да учествуваат се стекнуваат оние општински фудбалски сојузи кои го пријавиле своето учество под услов да припаѓаат на регион во кој за учество во натпреварувањето се пријавиле најмалку 3(три) општински фудбалски сојузи.

**Член 2**

Во првиот дел од натпреварувањето кој се поклопува со есенскиот дел од првенството на натпреварувачката 2015/2016 година натпреварувањето се одвива во групи во рамките на Третата лиг(регионот) во кој ОФС територијално припаѓа.

Најмалата група не може да брои помалку од 3 (три)селекции а најголемата не повеќе од 6(шест) селекции.

**Член 3**

Во натпреварувањето за 2015/16 учествуваат:

- во Северен регион – ОФС Гази Баба, ОФС Скопје, ОФС Кисела Вода и ОФС Куманово
- во Источен регион - ОФС Штип, ОФС Пробиштип, ОФС Свети Николе и ОФС Кочани
- во Јужен регион - ОФС Прилеп, ОФС Валандово, ОФС Велес и ОФС Гевгелија, ОФС Неготино и ОФС Кавадарци
- во Југозападен регион - ОФС Битола , ОФС Струга ОФС Охрид, ОФС Ресен,

**Член 4**

Натпреварите се играат во две полусезони(есен-пролет), по КУП систем.

Натпреварувањето на есенскиот дел ќе се одвива во периодот од 04.11- 10.12.2015 година.

Натпреварувањето во пролетниот дел ќе се одвива во периодот од 05.04- 26.05.2016 година.

**Член 5**

Во есенскиот дел ќе се одиграат до три кола во групи (по региони) по систем на елиминација во зависност од бројот на пријавени ОФС селекции.

**Член 6**

Во пролетниот дел од натпреварувањето ќе се одиграат две кола на ниво на ФФМ.

Во вториот дел од натпреварувањето учество земаат победниците на ниво на Трета лига(регион).

**Член 7**

Календарот за натпреварување во есенскиот дел го предлага и усвојува Управниот одбор на предметниот регион .

Распоредот за есенскиот дел се утврдува по пат на ждреб во рамките на регионот.

**Член 8**

Календарот за натпреварување во пролетниот дел го предлага координаторот на натпреварувањето а го усвојува Управниот одбор на ФФМ.

Распоредот во пролетниот дел се утврдува по пат на ждреб во ФФМ.

**Член 9**

Натпреварувањето се одвива на терен со димезии предвидени со Правилникот за натпревари на ФФМ за фудбал.

Натпреварите се одигруваат согласно Правилата на фудбалска игра.

Натпреварот трае 2 x 45 минути со пауза на полувремето од 15 минути .

**Член 10**

Натпреварите може да се играат во деновите: вторник, среда и четврток на неутрален терен.

**Член 11**

За организација на натпреварите во есенскиот дел на натпреварувањето одговорен е предметниот регион/Третата лига во чии рамки се натпреваруваат селекциите на ОФС).

За организација на натпреварите во пролетниот дел на натпреварувањето одговорен е ФФМ.

Кога како организатор се јавува Третата лига, истиот има обврска да назначи регионален координатор во есенскиот дел.

Регионалниот координатор во име на регионот учествува во организирање на предметните натпревари.

Организаторот има обврска да ги почитува правилата за организирање на натпревар и да се грижи за редот и безбедноста на сите учесници пред, за време и по завршувањето на натпреварите.

**Член 12**

Организаторот е должен да ги исполни неопходните услови во насока на обезбедување на соодветен терен и пропратни објекти со минимум 4 простории од кои 2 соблекувални за екипите, 1 соблекувална за судиите, 1 просторија во која ќе се изготвува записник.

За изборот на терени се известува координаторот на натпреварувањето.

**Член 13**

Организаторот има обврска:

- натпреварот благовремено да го пријави кај надлежниот орган за безбедност (МВР).
- на сите натпревари да обезбеди присуство на возило за потребите на итна медицинска помош.

- да обезбеди лекар со лиценца за интервенција на натпревар во случај на повреда на фудбалер.

- да обезбеди присуство на четири лица со медицински носила.

- да обезбеди редарска служба

Во случај да не е постапено согласно став 1 алинеа 1 ,2 и 3 од овој член, натпреварот нема да се одигра.

**Член 14**

Организаторот на натпреварот е должен да ги превземе следните активности:

- да ги пречека екипите и службените лица и истите безбедно да ги смести во службените простории.
- да ги обезбеди возилата на екипите и службените лица,
- да се погрижи за хигиената во сите службени простории,
- да се погрижи службените простории при ниски температури да бидат загреани.
- во санитарните чворови во службените простории да обезбеди проточна вода за лична хигиена,
- да обезбеди 3 топки за одигрување на натпреварот .
- да обезбеди лице кое ќе го состави записникот .

**Член 15**

Во службените простории дозволено е присуство на следниве лица:

- Сите фудбалери заведени во записникот од натпреварот
- Судиите
- Делегатот
- Регионалниот координатор и Координаторот на натпреварувањето
- Записничарот
- Ополномоштени преставници на селекциите на ОФС
- Лекари на екипите заведени во записникот
- Физиотерапевти на екипите заведени во записникот
- Тренери на екипите заведени во записникот
- Економите на екипите
- Претставници на МВР по процена на координаторот
- Комесар за безбедност

**Член 16**

Во оградениот дел од теренот дозволено е присуство за следниве лица:

- фудбалерите кои настапуваат,
- резервни фудбалери,
- службените лица заведени во записникот од натпреварот,
- фоторепортери со ознаки,
- деца за фрлање топки еднообразно облечени во дресови или тренерки,
- претставници на МВР и лекарска екипа
- економи (кои мораат да бидат во близина на просториите на соблекувалните)

**Член 17**

Организаторот обезбедува:

- знаменца за помошните судии со димензии: дршка со димензија од 75 сантиметри, платно со димензија 30 x 40 сантиметри со жолта или портокалова боја.
- на повеке места покрај надолжната линија вода за освежување на фудбалерите.

## ЗАПИСНИК

**Член 18**

Записникот е службен документ за натпреварот.

Записникот се составува во присуство на претставници на селекциите, судиите.

Првата страна од Записникот се составува најдоцна 30 минути пред почетокот на натпреварот/ите од страна на записничарот.

Во записникот на првата страна со потпис на двата преставника на селекциите и судијата се потврдува идентитетот на фудбалерите и лекарскиот преглед на фудбалерите.

Приговор во однос на идентитетот и лекарскиот преглед се евидентира во записникот од натпреварот.

Судијата во записникот утврдува дали теренот е подобен за игра .

Вториот дел од записникот се составува по завршувањето на натпреварот.

Во вториот дел од записникот судијата со потпис го потврдува резултатот, стрелците на головите, изречените дисциплински мерки и евентуални инциденти.

По завршување на натпреварот делегатот го доставува записникот до Координаторот на натпреварувањето.

## СЛУЖБЕНИ ЛИЦА НА СЕЛЕКЦИЈАТА И НАТПРЕВАРОТ

**Член 19**

Секоја селекција мора да одреди свој претставник кој ќе го претставува на натпреварот.

Претставникот се легитимира со писмено полномошно кое треба да го стави на увид на судијата на натпреварот пред почеток на натпреварот.

Претставникот на клубот :

- учествува во утврдувањето на идентитетот на фудбалерите,
- го предава составот на екипата и спортските легитимации на фудбалерите на делегатот пред почетокот на натпреварот,
- ги гарантира податоците за лекарскиот преглед на својата екипа и одговара за евентуални пропусти.

**Член 20**

Стручниот штаб на СЕЛЕКЦИЈАТА на ОФС е составен од шеф на стручен штаб (селектор), помошник тренер, лекар и физиотерапевт .

Екипата на натпревар ја води селекторот(шефот на стручниот штаб).

**Член 21**

Во есенскиот дел судиите и делегатот како службени лица на натпреварот ги одредува соодветната комисија на Третата лига која ја опфаќа територијата каде што се одигрува/ат натпреварот/ите.

Судиите и делегатотсе делегираат од местото каде се одигрува натпреварот односно од местото кое гравитира најблизу до местото на одигрување на натпреварот.

Судиите и делегатот својата функција ја извршуваат согласно овие пропозиции и актите на ФФМ.

Во пролетниот дел судиите ги определува Судиска комисија на ФФМ, делегатот го делегира Координаторот на натпреварувањето во соработка со Комисија за натпревари на ФФМ/.

**Член 22**

Трошоците за службените лица на натпреварот се на терет на ФФМ.

**Член 23**

Судијата/иите утврдува постоење на услови за одигрување на натпреварот поврзани со подобност на теренот.

Делегатот на натпреварот:

- проверува дали натпреварот е пријавен кај надлежниот орган за безбедност (МВР).
- проверува присуство на возило за потребите на итна медицинска помош.
- проверува присуство на лекар со лиценца за интервенција на натпревар во случај на повреда на фудбалер.
- проверува присуство на четири лица со медицински носила.
- врши преглед на просториите, игралиштето, оградата на игралиштето и доколку забележи евентуални недостатоци за истите го известува организаторот за нивно отстранување
- евидентира присуство на соодветно обезбедување/редарска служба/претставници на МВР
- врши проверка на присуство на неслужбени лица во службените простории и оградениот дел на теренот.

**Член 24**

По завршувањето на натпреварот делегатот во записникот се произнесува за организацијата на натпреварот и записникот го доставува до регионалниот координатор.

## ПРАВО НА НАСТАП

**Член 25**

Право на настап имаат фудбалери кои стекнале право на настап за сезоната 2015/16 за клуб од ОФЛ (општинска лига) согласно Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ со ИД број верификуван во КОМЕТ .

Лекарскиот преглед се врши согласно одредбите на Правилникот за натпреварување на ФФМ.

**Член 26**

Во временски период од 48 часа фудбалерите имаат право да настапат на најмногу 3 (три) полувремиња од кои од кои најмногу две полувремиња за период од 24 часа .

**Член 27**

Три дена пред одигрување на натпреварот селекторот на репрезентацијата која се натпреварува има обврска да објави список до 25 фудбалери .

Регионалниот координатор го доставува Списокот до противничката селекција и Координаторот на натпреварувањето по е-маил( selekciiofs@ffm.com.mk).

Правото на настап на селектираните фудбалери за клуб од соодветната општинска фудбалска лига се проверува во Комет системот.

Фудбалерите на натпревар се легитимираат со спортска легитимација и документ за лична идентификација (лична карта, пасош, оргинал извод од родени).

**Член 28**

Фудбалерите кои настапуваат на своите дресови мора да ги носат броевите под кои се заведени во записникот од натпреварот и истите можат да бидат од 1 до 99.

Дресовите на екипите и судиите мора да се со различна боја.

Во случај да екипите излезат со иста боја на дресови гостинскиот тим е должен да ја промени бојата на дресови или да стави маркери со броеви во различна боја од бојата на дресовите на противничката екипа,

**Член 29**

Во текот на еден натпревар дозволена е замена на 5(пет) фудбалери.

Фудбалерот кој е заменет нема право повторно да влезе во игра.

### Член 30

Натпреварите се играат како дневни.

## ЈАВНИ ОПОМЕНИ И ПОСТАПУВАЊЕ ПО ИСКЛУЧУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР

### Член 31

Изречените јавни опомени (жолт картон) на натпревар важат само за тој натпревар.

Со изречени два жолти картони фудбалерот ја напушта играта.

На исклучен фудбалер поради втор жолт картон на натпревар не му се изрекува дисциплинска санкција - забрана на одигрување на натпревари .

Доколку исклучувањето поради втор жолт картон се повтори на наредниот натпревар на фудбалерот му се изрекува дисциплинска мерка забрана на одигрување на 1(еден) натпревар за својата селекција.

На исклучен фудбалер поради неспортско однесување, груба игра или друг прекршок предвиден со Дисциплинскиот правилник на ФФМ (директен црвен картон) му се изрекува дисциплинска мерка забрана на одигрување од 1(еден) натпревар во ова натпреварување.

На исклучен фудбалер поради физички напад на свој или противнички играч, службено лице предвиден со Дисциплинскиот правилник на ФФМ (директен црвен картон) му се изрекува дисциплинска мерка забрана на одигрување на 3 натпревара во ова натпреварување.

Против исклучено службено лице на натпревар се покренува дисциплинска постапка согласно Дисциплинскиот правилник на ФФМ и тоа:

- во есенскиот дел од страна на дисциплинската комисија на регионот,
- во пролетниот дел од страна на дисциплинската комисија на ФФМ

Изјавите заедно со записникот од натпреварот ,делегатот ги доставува до Координаторот на натпреварувањето.

Координаторот на натпреварувањето изрекува дисциплински мерки за кои не е предвидена постапка согласно одредбите на овој член.

Исклучен фудбалер и службено лице не смее да се наоѓа во оградениот дел на теренот.

## ОРГАН НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

### Член 32

Сите натпревари ги регистрира Координаторот на натпреварувањето.

По одигрување на колото, се изготвува билтен кој се доставува до регионите кои учествуваат во натпреварувањето преку селекциите на ОФС што го сочинуваат.

### Член 33

Натпреварите се одигруваат по еднострук КУП систем, при постигнат ист број на голови, натпреварот ќе продолжи 2 пати по петнаесет минути.

Доколку во продолжението не се добие победник, ќе се пристапи кон изведување на пенали на начин утврден со правилата на меѓународниот борд - (упатство за изведување пенали), за добивање на победник во елиминаторни натпреварувања.

Во пролетниот дел од натпреварувањето ќе се одиграат две кола.

Во првото коло од пролетниот дел играат победниците од есенскиот дел.

Натпреварувачките парови од првото коло се утврдуваат со ждрепка.

Во второто коло се играат два натпревара:

- помеѓу победниците од првото коло за пласман за прво и второ место
- помеѓу поразените екипи од првото коло за пласман за трето и четврто место

**Член 34**

Победниците од регионалното натпреварување во есенскиот дел учествуваат во пролетниот дел на натпреварувањето на ниво на ФФМ.

За секоја репрезентацијата на ОФС која ќе освои прво место на ниво на регион се доделува награда во висина од 1000(илјада) евра во денарска противвредност.

**Член 35**

Во пролетниот дел се се предвидува награден фонд во висина од денарска противвредност на 5500(петилјадипетстотини) евра и тоа:

- за прво место награда во висина од 2500(двеилјадиипетстотини) евра
- за второ место награда во висина од 1500(илјадаипетстотини) евра
- за трето место награда во висина од 1000(илјада) евра
- за четврто место награда во висина од 500(петстотини) евра
- пехари за прво, второ и трето место.

**Член 36**

Координаторот на натпреварување:

- ги регистрира натпреварите и одлучува по сите приговори и жалби на одиграните натпревари,
- води евиденција на исклучени фудбалери /каде што е применливо/,
- изрекува дисциплински мерки согласно овие пропозиции
- одлучува по барања на клубови за промена на термин и време на одигрување на натпревар,
- по исклучок може да изрече суспензија на терен,
- ги спроведува одлуките на Управниот одбор на ФФМ
- извршува и други работи по препорака на УО на ФФМ

Одлуките во врска со натпреварувањето се конечни.

**Член 37**

Натпреварот на кој ќе настапи:

- фудбалер без или со истечен лекарски преглед,
- фудбалер кој немал право на настап на тој натпревар за таа селекција

ќе се регистрира со службен резултат 3:0 во корист на противничката екипа доколку на натпреварот не е постигнат подобар резултат.

**Член 38**

При неспортско однесување на публиката, непристојното навивање и скандирање, судијата на натпреварот го прекинува натпреварот со цел да му овозможи на организаторот да ги одстрани поединците или ја испразни трибината за да може натпреварот да се одигра во спортска атмосфера.

Доколку не постојат услови за продолжување на натпреварот поради околности од став 1 , главниот судија го прекинува натпреварот.

Прекинатиот натпревар од претходниот став се регистрира со службен резултат 3:0 во корист на противничката екипа доколку на натпреварот не е постигнат подобар резултат а се утврди дека причинител на прекинот биле навивачи на едната екипа.

Доколку за прекинот се одговорни фудбалерите или службени лица на клубот, екипата се дисквалификува од понатамошното натпреварување.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 39**

За се што не е предвидено со овие пропозиции се применуваат соодветно одредбите од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија како и другите применливи прописи на ФФМ.

**Член 40**

Овие пропозиции стапуваат во сила со денот на донесување од страна на Управниот Одбор на ФФМ.

**Член 41**

Толкување на овие пропозиции дава Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

Скопје, октомври,2015 година

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРОПОЗИЦИИ

## за натпреварување во развојни турнири за девојчиња за сезона 2015/2016

Скопје, октомври, 2015 година

Врз основа на член 58 од Статутот на ФФМ а во врска со член 129 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, Комитетот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија на состанокот одржан на 16.10.2015 година донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ

## за натпреварување во развојни турнири за девојчиња за сезона 2015/2016

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Развојните туґнири за девојчиња се форма на непостојано натпреварување во кое ќе се натпреваруваат девојчиња од 11-14 години / родени 2001,2002,2003 и 2004 година/

Натпреварувањето го раководи Комисијата за женски фудбал на ФФМ.

Со право да учествува во развојните турнири се стекнува фудбалски клуб - член на ОФС, кој благовремено согласно доставена информација на веб страната на ФФМ, поднел пријава за учество.

Пријавата за учество се постира/објавува на веб страната на ФФМ.

Терминот фудбалер во овие пропозиции ги означува учесниците од став на овој член.

### Член 2

Развојните турнири ќе се организираат регионално, независно од регионалната поделеност на ОФС во ФФМ во два региона:

<u>регион А во кој се натпреваруваат екипите на:</u>

- ЖФК Тиверија – Струмица
- ЖФК Кочани – Кочани
- ЖФК Топ Гол – Битола
- ЖФК Конзули – Битола
- ЖФК Габер – Кавадарци

<u>регион Б во кој се натпреваруваат екипите на:</u>

- ЖФК Ас Јунајтед - Струга
- ЖФК Билјанини извори – Охрид
- ЖФК Шарпланинка – Тетово
- ЖФК Порече – Македонски Брод
- ЖФК Младост – Демир Хисар

### Член 3

Натпреварувањето се одвива турнирски по возрасна категорија.
- натпреварување за генерација 2001/2002 година
- натпреварување за генерација 2003/2004 година

### Член 4

Турнирите се организираат во есенскиот и пролетниот дел од првенството 2015/16 година.

За секоја генерација се организираат вкупно по 5(пет) турнира.

Во есенскиот дел се организираат по два турнира за секоја генерација наведена во член 3 од овие пропозиции вкупно 4(четири) турнири.

Во пролетниот дел се организираат вкупно 6(шест) турнири од кои:

- по 2 (два) турнира за секоја генерација – вкупно 4 (четири) и
- 2(два) финални турнири ,по еден за секоја генерација

**Член 5**

Календарот на одржување на турнирите го предлага Комисијата за женски фудбал а го усвојува Управниот одбор на ФФМ.

**Член 6**

Натпреварите се одигруваат на терен со димезии кои изнесуваат најмалку 1/2 од димензиите на терен предвидени со Правилникот за натпревари на ФФМ за фудбал .

Во играта учествуваат по **7** учесници од двете страни.

Натпреварот за генерација 2001/02 трае 2 x 25 минути со пауза на полувремето од 15 минути.

Натпреварот за генерација 2003/04 трае 2 x 20 минути со пауза на полувремето од 15 минути.

**Член 7**

Распоредот на натпреварување во рамките на турнирот се одредува со ждрепка пред почеток за двете категории.

Турнирите се организираат од страна на клубот домаќин кој се одредува по пат на ждрепка која ја спроведува Комисијата за женски фудбал во ФФМ.

**Член 8**

За организација на турнирот одговорен е клубот домаќин.

Клубот домаќин има обврска да ги почитува правилата за организирање на натпревар и да се грижи за редот и безбедноста на сите учесници пред, за време и по завршувањето на натпреварите.

За пропусти во организацијата од кои произлегуваат последици по здравјето и безбедноста на учесниците, клубот домаќин одговара согласно овие пропозиции, Правилникот за натпревари и Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

**Член 9**

Клубот домаќин должен е да ги исполни неопходните услови во насока на обезбедување на соодветен терен и пропратни објекти со минимум 4 простории од кои 2 соблекувални за екипите, 1 соблекувална за судиите, 1 просторија во која ќе се изготвува записник.

Клубот домаќин во организација на турнирот има обврска да соработува со координаторот на турнирот назначен од Комисијата за женски фудбал.

Теренот на кој че се одигрува турнирот треа да ги задоволува неопходните услови пропишани со Правилникот за инфраструктура на ФФМ.

**Член 10**

Клубот домаќин е обврзан:

- натпреварот благовремено да го пријави кај надлежниот орган за безбедност (МВР).
- на сите натпревари да обезбеди присуство на возило за потребите на итна медицинска помош.
- да обезбеди лекар со лиценца за интервенција на натпревар во случај на повреда на фудбалер.
- да обезбедат присуство на четири лица со медицински носила.

- да обезбеди редарска служба

Во случај клубот домаќин да не постапи согласно став 1 алинеа 1 ,2 и 3 од овој член, турнирот нема да започне, одржувањето на истиот ќе се пренасочи во друг термин а трошоците за повторно организирање ќе ги сноси клубот домаќин.

**Член 11**

Клубот домаќин како организатор на натпреварот е должен да ги превземе следните активности:

- да обезбеди 4(четири) гола со димензии 5х2м
- да ги пречека гостите и службените лица и истите безбедно да ги смести во службените простории.
- да ги обезбеди возилата на гостите и службените лица,
- да се погрижи за хигиената во сите службени простории,
- да се погрижи службените простории при пониски температури да бидат загреани.
- во санитарните чворови во службените простории да обезбеди проточна вода за лична хигиена,
- на координаторот на турнирот пред почеток да му достави доказ дека турнирот благовремено е пријавен кај надлежниот орган за безбедност (МВР),
- да обезбеди 3 топки за одигрување на еден натпревар .
- да обезбеди лице кое ќе го состави записникот/ците .

**Член 12**

Во службените простории дозволено е присуство на следниве лица:

- Сите фудбалери заведени во записникот од натпреварот
- Судиите
- Координаторот на турнирот во својство на делегат
- Записничар
- Ополномоштени преставници на клубовите
- Лекари на екипите заведени во записникот
- Физиотерапевти на екипите заведени во записникот
- Тренери на екипите заведени во записникот
- Економите на екипите
- Претставници на МВР по процена на координаторот

**Член 13**

Во оградениот дел од теренот дозволено е присуство за следниве лица:

- фудбалерите кои настапуваат,
- резервни фудбалери,
- службените лица заведени во записникот од натпреварот,
- фоторепортери со ознаки,
- деца за фрлање топки еднообразно облечени во дресови или тренерки,
- претставници на МВР и лекарска екипа
- економи (кои мораат да бидат во близина на просториите на соблекувалните)

Во оградениот дел од теренот забрането е присуство на други лица освен наведените, независно дали се работи за гледачи или родители на учесниците како гледачи.

**Член 14**

Клубот домаќин на натпреварите задолжително обезбедуваат:

- на повеќе места покрај надолжната линија вода за освежување на фудбалерите.

## ЗАПИСНИК

**Член 15**

Записникот е службен документ за натпреварот кој се одигрува во рамките на турнирот.

Записникот се составува во присуство на , претставници на клубовите, судиите и координаторот на турнирот.

Првата страна од Записникот се составува најдоцна 30 минути пред почетокот на натпреварот од страна на записничарот/ координаторот на турнирот.

Во записникот на првата страна со потпис на двата преставника од клубовите и судијата се потврдува идентитетот на фудбалерите и лекарскиот преглед на фудбалерите.

Приговор во однос на идентитетот и лекарскиот преглед се евидентира во записникот од натпреварот.

Судијата во записникот утврдува дали теренот е подобен за игра

Вториот дел од записникот се составува по завршувањето на натпреварот.

Во вториот дел од записникот судијата со потпис го потврдува резултатот, стрелците на головите и евентуални инциденти.

По завршување на натпреварот записникот се доставува до координаторот кој записникот го проследува до Комисијата за женски фудбал.

## СЛУЖБЕНИ ЛИЦА НА КЛУБ И НАТПРЕВАР

**Член 16**

Секој клуб мора да одреди свој претставник кој ќе го претставува на натпреварот.

Претставникот се легитимира со писмено полномошно кое треба да го стави на увид на судијата на натпреварот пред почеток на натпреварот.

Претставникот на клубот :

- учествува во утврдувањето на идентитетот на фудбалерите,
- го предава составот на екипата и спортските легитимации на фудбалерите на судијата пред почетокот на натпреварот,
- ги гарантира податоците за лекарскиот преглед на својата екипа и одговара за евентуални пропусти.

**Член 17**

Стручниот штаб на екипата е составен од тренер, помошник тренер, лекар и физиотерапевт .

Екипата на натпревар ја води тренерот.

**Член 18**

Натпреварот не може да започне без главен судија.

Судиите како службени лица на натпреварот ги одредува Судиската комисија на ФФМ во соработка со ОФС кој ја опфаќа територијата каде што се одигрува турнирот.

Судиите својата функција ја извршуваат согласно овие пропозиции и актите на ФФМ.

Трошоците за судиите на натпреварот се на терет на ФФМ.

**Член 19**

Функцијата делегат ја врши координаторот на турнирот.

Трошоците за координаторот во својство на делегат на натпреварите на турнирот е на терет на ФФМ.

**Член 20**

Главниот судија во придружба на определеното лице за организатор на турнирот во соработка со координаторот (доколку е применливо) утврдува постоење на услови за одигрување на натпреварот и тоа:

- подобност на теренот

- присуство на неслужбени лица во службените простории и оградениот дел на теренот.
- преглед на просториите, игралиштето, оградата на игралиштето, реквизити неопходни за одигрување на натпревари по генерации и доколку забележи евентуални недостатоци за истите го известува организаторот за нивно отстранување
- присуство на соодветно обезбедување/редарска служба/претставници на МВР

**Член 21**

По завршувањето на натпреварот судијата во записникот се произнесува за организацијата на натпреварот и записникот го доставува до координаторот.

## ПРАВО НА НАСТАП

**Член 22**

Право на настап имаат фудбалери кои стекнале право на настап според Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ со ИД број верификуван во КОМЕТ во зависност од возрасната категорија за која настапуваат.

Лекарскиот преглед за секоја категорија важи 4(четири) месеци.

Лекарскиот преглед го врши лице определено со Правилникот за натпреварување на ФФМ.

**Член 23**

Во временски период од 48 часа фудбалерите имаат право да настапат на најмногу 3 (три) полувремиња од кои најмногу 2(две) во 24 часа.

**Член 24**

Фудбалерите кои настапуваат на своите дресови мора да ги носат броевите под кои се заведени во записникот од натпреварот и истите можат да бидат од 1 до 99.

Дресовите на екипите и судиите мора да се со различна боја.

Во случај да екипите излезат со иста боја на дресови гостинскиот тим е должен да ја промени бојата на дресови или да стави маркери со броеви во различна боја од бојата на дресовите на противничката екипа,

**Член 25**

Правото на замена на фудбалери не е ограничено.

Фудбалерот кој е заменет нема право повторно да влезе во игра

**Член 26**

Натпреварите се играат како дневни.

## ЈАВНИ ОПОМЕНИ И ПОСТАПУВАЊЕ ПО ИСКЛУЧУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР

**Член 27**

Исклучен фудбалер и лице кое не е внесено во записникот од натпреварот а е функционер на клубот не смее да се наоѓа во оградениот дел на теренот.

**Член 28**

Фудбалер кој е исклучен за време на натпревар не е предмет на дисциплинска одговорност.

Фудбалерите од став 1 за сторен прекршок на натпревар за кој добиле црвен картон се исклучуваат на следниот начин:

- за натпреварувањето во двете категории– исклучување во траење од 5(пет) минути

Фудбалерот се враќа во игра на знак на судијата.

**Член 29**

Последиците од изречените жолти картони важат само за време на одигрување на натпреварот.

Со изречени два жолти картони фудбалерот ја напушта играта согласно правилата за изречен црвен картон по категории.

## ОРГАН НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

**Член 30**

Комисијата за женски фудбал:

- раководи со организирањето на развојните турнири во согласност со овие пропозиции како и други акти на ФФМ.
- го утврдува календарот на одигрување на турнирите,
- го утврдува распоредот на натпреварите,
- предлага Пропозиции,
- води евиденција и определува пласман за одиграните натпревари и одлучува по сите приговори и жалби на одиграните натпревари,
- води евиденција на опоменати и исклучени фудбалери /каде што е применливо/,
- ги спроведува одлуките на Управниот одбор на ФФМ
- извршува и други работи по препорака на УО на ФФМ поврзани со организирање и одржување на развојните турнири
- определува координатор на секој турнир

**Член 31**

Комисијата за женски фудбал ,натпреварот на кој ќе настапи:

- фудбалер без или со истечен лекарски преглед,
- фудбалер од повозрасна за помлада категорија , односно ќе настапи фудбалер кој немал право на настап на тој натпревар за таа екипа

ќе го евидентира со службен резултат 3:0 во корист на противничката екипа доколку на натпреварот не е постигнат подобар резултат.

Тренерот на екипата која го направила прекршокот од став 1 ќе се казни со забрана на вршење функција во траење од 3(три) до 6(шест) месеци.

**Член 32**

Клубот одговара за однесувањето на своите фудбалери, службените лица на клубот како и за своите навивачи/гледачи.

При неспортско однесување на публиката, непристојното навивање и скандирање, судијата на натпреварот го прекинува натпреварот со цел да му овозможи на домаќинот да ги одстрани поединците или ја испразни трибината за да може натпреварот да се одигра во спортска атмосфера прикладна за активности во кои учествуваат деца.

Доколку не постојат услови за продолжување на натпреварот поради околности од став 2 , главниот судија го прекинува натпреварот.

Прекинатиот натпревар од претходниот став се регистрира со службен резултат 3:0 во корист на противничката екипа доколку на натпреварот не е постигнат подобар резултат.

Доколку за прекинот се одговорни фудбалерите или службени лица на клубот, екипата се дисквалификува од понатамошното натпреварување.

**Член 33**

Екипа која се пријавила за учество, од било кои причини не земе учество на еден од петте турнири ќе биде дисквалификувана од понатамошното натпреварување.

**Член 34**

Екипата која го напуштила натпреварувањето или е дисквалификува го губи правото на пријавување на екипа во соодветната категорија на натпреварување во следната сезона 2016/2017

Исклучок од став 1 е доколку екипата докаже дека ненастапувањето настанало поради виша сила.

УТВРДУВАЊЕ ПЛАСМАН

**Член 35**

Пласманот на екипите во рамките на турнирите без финалниот се утврдува по бод систем.

Екипа која победи на натпреварот добива 3 (три) бода, кога натпреварот ќе заврши нерешено двете екипи добиваат по 1 (еден) бод, за загубен натпревар не се добива ниеден бод.

Пласманот на табелата се утврдува со бројот на освоените бодови за освоено прво место.

Доколку пласманот е и понатаму еднаков во предвид се зема редоследно:

- гол разлика
- повеќе постигнати голови
- ждреб

**Член 36**

По две екипи од двата региона со најголем број победи од четирите турнири учествуваат во завршниот финален турнир .

Доколку екипа која се пласирала до четврто место писмено го откаже понатамошното учество, на финалниот турнир учествува наредно пласираната екипа во регионот.

Натпреварите на финалниот турнир се играат по еднострук куп систем - систем на елиминација, при нерешен резултат се пристапува кон изведување на пенали.

Паровите во финалните турнири се одредуваат по пат на ждрепка.

Победниците од првиот круг се пласираат во финале.

Екипите кои го изгубиле натпреварот во првиот круг разигруваат за трето и четврто место.

Победникот на финалниот турнир на ФФМ е освојувач на пехарот во определената категорија.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 37**

Трошоците за службените лица, судиите и делегатот(координатор на турнирот) се на терет на ФФМ.

Патните трошоци на екипите учесници на турнирите се на терет на ФФМ.

Патните трошоци на екипите учесници се најавуваат кај Комисијата за женски фудбал пред одигрување на турнирот која дава одобрение за истите.

Патните трошоци на екипата нема да се признаат доколку екипата не се придржува на одредбата од став 3 на овој член.

Останатите трошоци за организација на турнирот се на терет на клубот домаќин.

**Член 38**

На екипите учесници ФФМ ќе додели:

- спортска опрема за 12 фудбалери по пријавена категорија вклучително и опрема за голман, по екипа (дрес, шорцеви, маркер,штуцни, костобрани, копачки)
- 10 топки по пријавена категорија.

Екипата која е дисквалификувана или го напуштила натпреварувањето има обврска по барање на Комисијата за женски фудбал да ја врати доделената опрема и реквизити.

**Член 39**

За се што не е предвидено со овие пропозиции се применуваат соодветно одредбите од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија како и другите применливи прописи на ФФМ.

**Член 40**

Овие пропозиции стапуваат во сила со денот на донесување од страна на Управниот Одбор на ФФМ.

**Член 41**

Толкување на овие пропозиции дава Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

Скопје
16.10.2015

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ“ 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**